Потпаѓање на Македонија под римска власт

Македонија била најсилната држава на полуостровот (денес Балкански) до втори век ПНЕ.По две војни со Римјаните кои ги водел македонскиот крал Филип V и една војна која ја водел неговиот син Персеј, Македонија била освоена од Римјаните и нивните сојузници на полуостровот. Последната решавачка битка помеѓу Македонците и Римјаните се случила во 168 г.п.н.е. Во битката поразен е последниот македонски крал Персеј. Римскиот конзул Емилиј, три дена ја славел победата над Македонија. Персеј во битката кај Пидна избегал и се криел извесен период на островот Самотраки, но подоцна им се предал на Римјаните, по што однесен е во Рим, каде умрел во затвор. По освојувањето на Македонија, Римјаните ја поделиле македонската територија на четири области (мериди)((мериди – запамтете по меридијани)) и започнале да ја колонизираат со немакедонско население. Во 149 г.п.н.е некој, по има Андриск (кој лажно се претставувал како син на Персеј) кренал востание за обнова на македонското кралство. Востанието завршило без успех, а римјаните ја претвориле Македонија во римска провинција, спроведувајќи насилна ромеизација на населението (ги терале македонците да се кажуваат за Римјани, да го зборуваат римскиот јазик и да ја прифаќаат римската култура и традиција за своја)

Материјални остатоци во Македонија од римско време

На територијата на Македонија од периодот под римската власт има многу културни остатоци. Познати градби со многу римски елементи се Скупи и Стоби, многу бањи со топла и ладна вода, аквадукти, гробници, патот Via Egnatia, (Виа Егнатија = Виа Игнација, копнен пат кој ги поврзувал Солун со Драч) и слично, а македонската почва, музеите и приватните колекции бројат многу римски предмети, оружја, украси, накит, напишани камени плочи, предмети од домаќинствата и секако римски пари - Денари (Denarius или Denarii).

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Појава и ширење на христијанството

Поради тешкиот живот на населението под римската власт, и присилната ромеизација, кај Евреите во Палестина се појавило верување дека единствениот бог ќе им испрати спасител – Месија, кој ќе ги избави од страдањата.

Во триесеттата година од владеењето на Октавијан Август, во Витлеем, се родил синот божји Исус Христос. Тој се овоплотил од Светиот Дух и Дева Марија и растел и живеел како безгрешен човек кој правел само добри дела за останатите луѓе.

Денот на раѓањето Христово е наречен Божик.

Христијаните го сметаат времето од раѓањето Христово. (Според таквото сметање на времето, сега е 2020 година) Периодот по раѓањето Христово е наречен „Новата ера" или „Нашата ера" или „По Христа", а периодот претходно е наречен „Пред новата ера" или „Пред нашата ера" или „Пред Христа"

Поради добрите дела и чудата што ги правел со кои им давал храна, спокој, љубов кон ближните и бога, надеж и мир на покорените и сиромашните, многу бргу се расчуло за него и многу луѓе станувале негови следбеници. Добрите дела Исус ги правел со своите 12 Апостоли, (пратеници) кои го ширеле неговото учење за помирување со бога кај различни народи на различни територии. Така започнала да се шири нова религија, наречена христијанство.

Но тоа било во спротивност со римските многубожни верувања, па новата религија, почнала да станува „закана" за Римјаните кои ги гонеле, затворале и убивале христијаните.

Таква судбина имал и самиот Христос, кој бил фатен од Римјаните и распнат на крст на ридот Голгота (уште се нарекува и Калварија), надвор од ѕидините на Ерусалим. (Римјаните и претходно, често применувале такви казнени мерки, со распнување на крст за осудени лица)

(Христос е распнат на крст во времето на вториот римски император Тибериј. Христос е фатен од Римјаните без да дава отпор и осуден од страна на управникот на римската провинција Јудеа, Пилат Понтиј)

Христовите блиски, го погребале телото на Исус, но три дена подоцна Исус воскреснал на небото, каде седи на десната страна од Отецот.

Денот на воскресението Христово се вика „Велигден".

Неговото дело го продолжиле апостолите, а од ден на ден повеќе и повеќе луѓе верувале во неговото учење (станувале христијани). Најпознати апостоли се Јаков, Јосиф, Петар, Павле, Марко и други.

Бидејќи Римјаните ги гонеле, затворале или убивале христијаните, тие биле принудени тајно да се организираат во христијански општини, предводени од свештеници. Повеќе христијански општини сочинувале христијанска црква, на чело со црковен старешина (свештеник од повисок ранг) Тајното практикување на новата религија, христијанство, ги терало верниците да се кријат дури и во подземни тунели „катакомби" кои се сочувани до денешен ден дури и во самиот Рим.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Науката, појавата и ширењето на христијанството ги објаснува според Светата книга кај христијаните – Библијата. Таа е поделена на два дела. Стар Завет, напишан во периодот пред раѓањето Христово и Нов Завет кој е напишан и го опишува периодот по раѓањето Христово.

До денес науката нема сигурни научни докази кои би ги потврдиле содржините напишани во Библијата. Исто така науката нема објаснување зошто Римјаните кои во почетокот ги гонеле и убивале христијните, со текот на времето и самите го прифаќале христијанството и го носеле во своите семејства во Рим кој станал и до денес е најголемиот центар на христијанската религија. (Седиштето на поглаварот на религијата со најмногу верници во светот, христијанство од западен тип, (католицизам), папата се наоѓа во Ватикан, а Ватикан е во Рим)

Христијанството станува официјална легална религија во римската држава во 313 г. Тогаш, царот (императорот) Константин I Велики донел документ „Милански едикт" со кој се воведува религиска рамноправност во империјата.

(За љубопитните: Константин во 313 владее заедно со неговиот зет од сестра Лициниј. Заеднички го донеле Миланскиот едикт.

Легендата раскажува за царот Константин и неговата мајка Елена. Пред да војува со тиранинот Максенциј, на Константин на небото му се појавил голем светол крст на кој со ѕвезди пишувало „Победувај со ова". Поради тоа, Константин наредил да се направи голем крст кој ќе се носи пред војската. И навистина во војната против побројната и помоќна војска на Максенциј, победил Константин а Максенциј паднал во Тибар и се удавил.

Ова го натерало Константин да го издаде Миланскиот едикт.

Подоцна Константин се разболил. На смртната постела римските гатачи го советувале да се искапи во крв на заклани деца за да оздрави, но тогаш му се јавиле апостолите Петар и Павле и му кажале да го повика епископот Силвестер кој ќе го излекува. Повикан бил Силвестер кој му кажал на царот дека ќе оздрави ако го прифати христијанството. Константин прифатил. Откако бил покрстен од Силвестер, Константин веднаш, истиот ден станал од постелата и оздравел.

Неговата мајка, царицата Елена, на Голгота, на местото кај што бил распнат Исус, го нашла Светиот крст (крстот на кој бил распнат Исус) и таму направила голема христијанска црква со голем крст, како симбол на христијанската религија. И не само таму на повеќе места низ римската држава таа наредила да се градат многу христијански верски објекти.

Поради тоа во христијанството има празник посветен ним „Елена и Константин" на 21.05 по Јулијанскиот календар, односно 03.06 по Грегоријанскиот календар.)

Христијанството, како религија, било единствено до XI век. Со поделбата на римската држава на два дела, и создавањето на два административни центри Рим и Константинопол, започнале и борбите за превласт над верниците. Кулминацијата за доминација кај верниците христијани, се случила во 1054 година, кога доаѓа до поделба на христијанската црква.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Од тогаш постојат два црковни центри и две доминантни христијански цркви: Црква од западен тип (со седиште во Ватикан) – Католичка, врховен поглавар е Папата и богослужбен јазик е латинскиот.

Црква од источен тип (со седиште во Константинопол, Цариград) – Православна црква (Ортодоксна црква) со врховен поглавар Цариградскиот патријарх и богослужбен јазик бил грчкиот.

Подоцна (ќе учиме во втора година) во Католичката црквава се појавуваат различни протестантски фракции, а во православниот свет секој народ кој има своја држава си создава своја автокефална православна црква со богослужба на својот мајчин јазик)

Ширење на христијанството во Македонија

Македонија е првата европска територија во која се проширило христијанството. Христијанството во Македонија со својата мисија го донел Апостол Павле (Апостолот над апостолите) заедно со неговите придружници Тимотеј, Сила и Лука, во 49-та година.

Прв покрстен град во Македонија е градот Филипи, каде била формирана и првата европска црковна општина. (Прв покрстен човек на европско тло била Лидија од Македонија.)

Потоа Апостол Павле го раширил христијанството уште во Бероја и Солун.

Апостол Павле напишал 14 посланија (кои се влезени во НовиотЗавет на Библијата. Од нив три биле посветени на Македонците. (Едно на Филипјаните и две на Солунјаните)

Македонија е библиска земја. Поимот „Македонија" во Библијата напишан е 26 пати (без да се бројат изведените придавки)


Поради големата активност во ширењето на христијанството на територијата на Римската држава, Апостол Павле бил заробен и однесен во Рим, каде бил погубен со отсекување на главата. (Нема точен податок кога се случило тоа, најчесто се кажува 68 година.)

(За љубопитните: Легендата кажува дека откако главата на Апостол Павле била отсечена, таа сеуште го изговарала името на Исус Христос. Кога паднала на земја, три пати отскокнала говорејќи го божјото име. На трите места какде што отскокнала веднаш од земјата се појавиле три извори со вода. Денес на тоа место се наоѓа црквата „Свети Павле кај трите фонтани" (Chiesa di San Paolo alle Tre Fontane))

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Големата преселба на народите



Големата преселба на народите (или Големата миграција) е настан кој се случувал од II до VII век. Во овој период многу азиски и европски племиња масовно се расселувале, предизвикувајќи етнички и политички промени пред сè во Европа.

Први се смета дека се раздвижиле централно-азиските племиња, кои биле во војна со кинеските и соседните племиња, но биле поразени и протерани на запад. Извесен период живееле на територијата меѓу Аралско езеро и Касписко езеро, па и од таму се раздвижиле кон запад притискајќи врз европските племиња кои живееле на поширокатa територијата меѓу Црно и Балтичко море. Овие европски племиња, се раздвижиле кон запад и југ со што во Европа се случува голема миграција која целосно го менува етничкиот и политичкиот лик на континентот.

Периодот на Големата миграција на европско тло, теоретичарите најчесто го делат на две фази. Првата фаза ги опфаќа преселбите на Хуните и Германските племиња и го опфаќа периодот од IV до почетокот на VI век.

Втората фаза на преселби во Европа се случува со преселбите на Словените од V до VII век и преселбите на Бугарите од VII – VIII век.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Хуни

Хуните се скитнички (номадски) централно-азиски племиња кои од трети век постепено почнале од исток да навлегуваат на европска територија. Нивниот наплив бил голем во IV век, кога бројни воинствени народни маси на Хуни, притиснале врз Готите (кои живееле на територијата на денешна Украина) и ги принудиле и тие да се раздвижат на југ и на запад низ Европа.

Во текот на IV и V Век, Хуните освоиле голем дел од Европа и создале племенски сојуз од Хуни, Алани, Готи и други племиња, а седиштето на овој племенски сојуз се наоѓал на територијата Панонија (кај што е денес Унгарија).

Водач на овој Хунски сојуз од 434 год. до 453 год. бил Атила (наречен Атила Хунот, или на прекар Божјиот камшик (латински: *flagellum Dei*))

Атила, со своите сурови војски напаѓале на европскиот дел на Византија, во централна Европа па дури до западна Европа (денешна Франција) близу до Париз. Токму таму во 451 година се случила Битката кај Каталаунските полиња (уште е наречана Битката кај Троа, или Битката кај Шалон ан Шампањ) во која хунискиот сојуз е страотно поразен од западно-римската војска командувана од генералот Флавиј Аеций (Flavius Aetius) на чија страна се бореле и Алани, Франки и Визиготи.

Атила умрел 453 година, по што неговиот племенски сојуз постепено се распаднал.

Од Хуните, до денес сеуште една држава го носи нивното име – Унгарија (HUNgary)



Настапувањето на Хуните од Азија кон запад

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Вандали

Вандали се германски племиња кои до четвртиот век живееле на територијата кај денешна јужна Полска. Од тука се спуштиле јужно, во денешна Панонска низина, каде добиле дозвола од Константин Велики да градат свои живеалишта и населби. Но кога Хуните во почетокот на V век притиснале од исток, Вандалите биле приморани да се раздвижат кон запад. За десетина години тие ги преминале Пиринеите и се населиле на територијата Галиција (крајниот северо-запад на Пиринејскиот полуостров (Шпанија) на брегот на Атлантскиот океан)

Од таму Вандалите биле протерани од Западните Готи (Визиготите) во 418 год. Поради тоа, се спуштиле на југ во Африка и на територијата на некогашна Картагина создале свое Вандалско кралство кое го проширile и врз Сицилија, Сардинија и Корзика.

За да се смири со Вандалите и да ги има како пријатели римскиот император Валентијан III се обидел да стапи во роднински врски (крвно да се поврзи со вандалското кралско семејство), но бил убиен во заговор. Поради тоа Вандалите во соработка со жената и ќерката на убиениот римски император, во 455 година, влегле во Рим, го ограбиле, ги уништиле вредните културни обележја, ги понеле со себе жената и ќерката на Валентинијан III и го напуштиле градот.

(Ваквиот чин на уништување на културни вредности по нив е наречен вандализам)

Вандалскот кралство постоело до 534 година кога византискиот император Јустинијан I во т.н „Вандалски војни" ги поразил Вандалите и загосподарил со Северна Африка.

Англи и Сакси

Англите и Саксите (или Саси) се германски племиња кои живееле на јужните простори на денешната држава Данска. Од таму во почетокот на V век почнале да се расселуваат на запад, преку морето, населувајќи ја римската територија Голема Британија.

(Мала Британија (Бретања) е полуостров во Франција населен со Келти)

Името на Саксите останало во употреба до денес на територијата на Германија.

Во XII, XIII XIV век Саксите (Сасите) од Германија во поголеми групи се расселувале на територијата на цела Европа. Тие биле вредни рудари кои знаеле да пронајдат и да експлоатираат скапоцена руда, сребро и злато. Големи групи Саси од територијата меѓу Хановер и Лајпциг во XII – XIII век се населиле во Трансилванија (денес во Романија) во Србија, и во Византија.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Сасите доселеници на овие територии имале низа привилегии од државните власти, и тие трајно останале на тие простори.

Во Македонија, Германци – Саси, се населиле на територијата кај Кратово, Крива Паланка, Кочани, Македонска Каменица, Осоговијата. Тие биле рудари кои ги експлоатирале македонските рудни богатства во тие краишта. До денешен ден таму има остатоци од доселениците Германци – Сакси (Саси). За тоа сведочат топонимите с.Герман, с.Шлегово, рудник населба- Саса и сл. како и многу германски зборови кои се одомаќиниле во Македонскиот јазик.

Готи

Готите се племиња кои живееле на Скандинавскиот полуостров, од каде до втори век се преселиле на територијата на северниот брег на Црното Море (денес источна Романија, Молдавиј и Јужна Украина).

Од таму со пљачкосувачки походи навлегувале и пустошеле на територијата на Римската Империја, која била приморана да им дава земја и привилегии, за да ги држи мирни, покорни и да ги има на своја страна.

Во седумдесеттите години на четврти век кога од исток врз Готите притиснале Хуните, Готите се поделиле на две групи. Визиготи ((Добри Готи)(некои ги преведуваат и како Западни Готи, Вестроготи)) и Остроготи („Готи на изгрејсонцето“)(Ги преведуваат како Источни Готи))

Визиготите, во големи разбојнички банди се раздвижиле од брегот на Црното Море кон Балканот, каде со многу насилство и грабежи сееле страв кај населението.

Императорот Теодосиј I склучил мир со Визиготите, во 382 година. Но мирот траел до смртта на Теодосиј (395 г.). Тогаш Визиготите продолжиле со разбојничките пустошења на Балканот.

Тие низ Тракија и Македонија се спуштиле јужно и стигнале до Атина и пристаништето Пиреа. Атињаните со откуп се спасиле од Визиготите, кои задоволни од пленот се упатиле на североисток, низ Балканот.

Во 410 година Визиготите од север навлегле низ Апенинскиот полуостров и стигнале до Рим. Водач на Визиготите бил Аларих (Аларик). За да го спасат Градот, Римјаните им платиле откуп на Визиготите. (Инаку административен центар на Западното римско Царство од 370 год. бил градот Медиолан (денес Милан) а од 402 година, престолнината на Западното Римско Царство била пренесена во Равена.) По овој голем плен, Визиготите се спуштиле до најјужните делови на Апенинскиот полуостров, па повторно на север и запад трајно населувајќи се на територијата на денешна Шпанија и Франција, каде

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

создале свое Визиготско кралство кое постоело од V до VIII век (418 – 720/21) кога било освоено од Арабјаните.(Престолнината на кралството била во Тулуз, па во Нарбона, па во Барселона и на крајот во Толедо)

Остроготи, или Источни Готи, со доаѓањето на Хуните, ја признале нивната власт и станале дел од Хунскиот племенски сојуз. Дел од Остроготите се преселиле на Кримскиот полуостров, дел во Тракија, но најголемиот дел заедно со Хуните се населиле во Панонија. По распадот на Хунскиот сојуз, Римјаните се обиделе да ги придобијат германските племиња на своја страна доделувајќи им земја, а за возврат тие требало да служат во римската војска.

Еден таков римски офицер, Острогот по род, бил Одоакар. Тој заедно со други германски офицери во римската војска, предводел вооружен бунт против римската власт. Војските под команда на Одоакар во 476 год. ја освоиле престолнината Равена, со што го елиминирале Западното Римско Царство. Со Царството тогаш владеел 16 годишниот Ромул Августул. Одоакар не го убил Ромула, туку го испратил да живее во слобода Кампанија во градот Неапол (Наполи), каде последниот римски цар Ромул Августул се школувал и продолжил да живее (не е познато кога и како умрел)

Одоакар се прогласил за крал на своето Равенско кралство на територијата на Апенинскиот полуостров.

Со тоа завршила историјата на Западното Римско Царство. За разлика од него, Источното Римско Царство продолжило да постои под името Византија до 1453 година.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции и автори.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски


Europe at the Fall of the Western Roman Empire in 476 AD
Western Roman Empire to 476
Germanic peoples
Celtic peoples
Frankish victory
Ostrogothic victory
KDM. OF ODOACER
Alamanni
Britons
North Sea
Baltic Sea
Baltic peoples
Slavic peoples
ATLANTIC OCEAN
Bay of Biscay
Mediterranean Sea
Black Sea
Ionian Sea
Adriatic Sea
Tyrrhenian Sea
Aegean Sea
Picts
Scots
Britons
Angles
Saxons
Jutes
Danes
Frisians
Saxons
Thuringians
Warni
Franks
Saliens
Ripuarians
Cambrai
Cologne
Soissons (486)
Reims
Paris
Trier
Worms
Tolbiac (496)
Britons
REALM OF SYAGRIUS
Nantes
Orléans
Tours
Vouillé (507)
Alamanni
Strasbourg
Kempten
Augst
KDM. OF THE BURGUNDIANS
Bourges
Autun
Besançon
Clermont
Bordeaux
Lyon
Vienne
KDM. OF THE RUGII
Lorch
Salzburg
Heruli
Carnuntum
Aquincum
Langobards
KDM. OF THE OSTROGOTHS
REALM OF NEPOS
Verona (489)
Isonzo (489)
Milan
Aquileia
Genoa
Ravenna
(490-493)
Florence
Pisa
Ancona
Salonae
Narona
Scodra
Sirmium
Singidunum
Viminacium
KDM. OF THE GEPIDS
Apahida
Huns
Alans
Slavic peoples
Crimean Goths
Chersonesus
Tomi
Novae
Marcianople
Naissus
Serdica
Adrianople
Constantinople
Nicomedia
Nicaea
Heraclea
Amastris
Sinope
Arnisus
Trapezus
Phasis
Artaxata
CAUCASIAN REALMS
Euchaita
Neocaesarea
Theodosiopolis
Ancyra
Cyzicus
Dorylaeum
Abydus
Salonica
Stobi
Dyrrhachium
Larissa
Corcyra
Nicopolis
Pergamum
Synnada
Iconium
Caesarea
Amida
Samosata
Edessa
Dara
Nisibis
Arbela
SASSANID EMPIRE
EASTERN ROMAN EMPIRE
Athens
Corinth
Ephesus
Laodicea
Miletus
Attalia
Tarsus
Seleucia
Antiochia
Apamea
Nicephorium
Circesium
Palmyra
Rhodes
Constantia
Paphus
Tripolis
Damascus
Tyre
Caesarea
Aelia Capitolina
Gaza
Petra
Pelusium
Alexandria
Memphis
Paraetonium
Berenice
Cyrene
Gortyn
Ghassanids
KDM. OF THE VISIGOTHS
KDM. OF THE SUEBI
Basques
Lugo
Braga
Astorga
Palencia
Salamanca
Santarem
Saragossa
Toledo
Mérida
Córdoba
Cádiz
Málaga
Tangier
Ceuta
Cartagena
Valencia
Barcelona
Tarragona
Tortosa
Narbonne
Toulouse
Arles
Marseilles
KDM. OF THE VANDALS
Moors
Caesarea
Saldae
Hippo Regius
Constantine
Carthage
Tripoli
Lebida
Marsala
Palermo
Messina
Syracuse
Aléria
Cagliari
Rome
Naples
Taranto
Cosenza
1 : 15 000 000
0 100 200 300 400 500
km